Врз основа на член 18 став 1 алинеја 17, член 19 и член 20 став 3, од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), член 15 став 1 алинеја 16 и член 36, во врска со член 43 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со член 22 став 1 алинеја 1 и член 23 од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-5404/5 од 21.12.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Да се објави јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку објавување јавен оглас во дневниот печат.

2. Согласно условите утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и општите услови предвидени во Законот за работните односи, кандидатите за заменик на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, треба да ги исполнуваат и следните услови, и тоа:

- високо образование (ВСС);
- работно искуство над 5 (пет) години во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото;
- кандидатот за заменик на директор, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во прва линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата;
- на кандидатот за заменик на директор да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

3. Дневно работно време: од 07:30/08:30 часот до 15:30/16:30 часот.

4. Неделно работно време: 40 часа.

5. Распоред на работното време: од понеделник до петок.

6. Мандатот на заменикот на директорот е седум години.

7. Основната нето плата за заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изнесува 89.250,00 денари, согласно Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-579/1 од 23.01.2015 година, бр.01-3601/1 од 22.05.2015 година, бр.01-3844/2 од 29.12.2015 година, бр.01-3257/1 од 12.07.2018 година и бр.01-5095/1 од 23.11.2018 година.

8. Јавниот конкурс е составен дел на оваа одлука (Прилог бр.1) и ќе се објави во 2 (два) дневни весника, тоа: 1 (еден) дневен весник што се издава на македонски јазик и 1 (еден) дневен весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, на товар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како работодавач.

8.1. Јавниот конкурс трае 30 (триесет) дена. Рокот за пријавување почнува да тече од денот на последното објавување во дневен весник.

Текстот на јавниот конкурс е доставен во прилог на оваа одлука (Прилог бр.1) и е нејзин составен дел.

9. Кандидатите, кон молбата, треба да ги достават следните документи:

- мотивационо писмо;
- кратка биографија (CV);
- диплома за завршено високо образование или уверение за положени испити;
- потврда/доказ за работно искуство;
- изјава дека кандидатот за заменик на директорот на Агенцијата, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во прва линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата (заверена на нотар);
- потврда дека на кандидатот за заменик на директор не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци); и
- уверение за државјанство.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Бр. 04-5483/1**

**24-12. 2018 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот на Агенцијата**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот;
- Сектор за правни работи;
- Сектор за финансии и логистика; и
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - архива.

**Прилог (1):**

1. Јавен конкурс.

Врз основа на член 19 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), член 22 став 1 алинеја 1 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги објавува:

## ЈАВЕН КОНКУРС

1. За избор на заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Покрај општите услови предвидени во Законот за работните односи, кандидатите за вработување на работното место наведено во точка 1 од овој јавен конкурс, треба да ги исполнуваат и следните услови, и тоа:

- високо образование (ВСС)
- работно искуство над 5 (пет) години во областа на комуникологијата, новинарството, електронските комуникации, информатиката, културата, економијата или правото;
- кандидатот за заменик на директор, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во прва линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата;
- на кандидатот за заменик на директор да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

3. Дневно работно време: од 07:30/08:30 часот до 15:30/16:30 часот.

4. Неделно работно време: 40 часа.

5. Распоред на работното време: од понеделник до петок.

6. Мандатот на заменикот на директорот е седум години.

7. Основната нето плата за заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изнесува 89.250,00 денари.

8. Кандидатите, кон молбата, треба да ги доставaт следните документи:

- мотивационо писмо;
- кратка биографија (CV);
- диплома за завршено високо образование или уверение за положени испити
- изјава дека кандидатот за заменик на директор, неговиот брачен другар или вонбрачен другар, како и блиски роднини во прва линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата (заверена на нотар); и
- потврда дека на кандидатот за заменик на директор не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност (не постаро од 6 месеци).

9. Потребната документација кандидатите ја доставуваат во оригинал или како копија заверена на нотар. Секој од учесниците на јавниот конкурс има право да достави и друга документација за сопствено презентирање.

10. Рокот за пријавување на кандидатите трае 30 (триесет) дена, а почнува да тече од денот на последното објавување во дневен весник.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 45 (четириесетипет) дена, по истекот на рокот за пријавување на кандидатите.

Некомплетните и ненавремено поднесени документи, како и документите кои кандидатот нема да ги достави во оригинал или како копија заверена на нотар, нема да се разгледуваат.

Документите се доставуваат на адреса на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Палата Панко Брашнаров, ул. „Македонија" бр.38, 1000 Скопје, или во архивата на Агенцијата од 08.00 до 16.00 часот. Дополнителни информации, во врска со објавениот јавен конкурс, може да се добијат од следните лица: д-р Андриана Скерлев Чакар тел: 02/3103-411 и м-р Ивона Муфишева тел: 02/3103-413.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**